Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 133/0306
16.08 20 24 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на **31.07.2024 година**, врз основа на примена жалба од **Звонко Пекевски** ја донесе следнава:

# ОДЛУКА

## Жалбата е основана

Тв прилогот на медиумот ТВ Стар под наслов „***Најбогатиот градоначалник во регионот Пекевски бара повлекување на неговото мислење. Не сака убави зборови за вработените во општината“***, објавен на 10.07.2024 г., отстапува од етичките и професионалните стандарди.

## ЖАЛБА

До Комисијата за жалби при СЕММ, преку Извршната канцеларија, на 17.07.2024 година е доставена жалба од Звонко Пекевски, градоначалник на Општина Берово, во која се наведува дека во прилогот емитуван во вестите на ТВ Стар, се изнесени неточни информации, се мешаат факти и мислење, вест и коментар и има пристрасност и неурамнотеженост во информирањето. Како поткрепа на жалбата Пекевски до Комисијата го доставува неговото обраќање до граѓаните на Берово, во врска со содржината на емитуваниот прилог на ТВ Стар:

„Почитувани жители на Општина Берово, чувствувам должна обврска, кон граѓаните на Општина Берово, да објаснам дека во веста на ТВ ,,Стар , која беше објавена на ден 10.07.2024 година, а во која сум опишан како најбогат градоначалник во регионот, се пласирани делумни факти, кои упатуваат на тоа јавноста навистина да верува дека поседувам четири станови. Од четирите станови кои ги поседувам, 2 стана (како што е нагласено), всушност ја сочинуваат семејната куќа во која живеам, а која им е добро позната на граѓаните, а другите 2 стана, се делови од семејната куќа на мојот покоен татко, кои се во руинирана состојба и од кои поседувам 3/18 идеален дел, заедно со останати мои братучеди и роднини. Долгиот список на имот, кој во веста е напоменат, а кој се состои од шуми, овошни градини, пасишта, ливади, земјоделско земјиште, гаражи, е стекнат по основ на наследство, од мојот покоен татко и истиот моето скромно семејство, долги години го поседува и обработува и не е различен од имотот што повеќето граѓани во Берово го поседуваат и во текот на сите овие години, ниту е зголемен, ниту е намален, односно, неговата вредност, во последните 30 години, е непроменета. За на јавноста да ѝ биде појасно, сакам јавно да ги објавам имотните листови, каде јасно се гледа што поседувам и начинот на кој тоа што го поседувам, е стекнато. Со тоа што сум претставен како ,,најбогат градоначалник во регионот”, медиумот го руши мојот углед, кој што со години го градам, а без притоа да се размисли за последиците кои можат да бидат предизвикани во околината во која што живеам. Жалам што медиумите ја имаат моќта, фактите да ги пласираат делумно и сувопарно, со цел некоја личност да се деградира и омаловажи“.

## ОДГОВОР ОД МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот на жалбата, побара од медиумот да се изјасни за наводите во жалбата.

До Комисијата за жалби на СЕММ, до датумот утврден според Правилникот за работа на Комисијата, медиумот достави одговор, во кој се наведува следното:

„Согласно вашето барање за произнесување по однос на жалбата на Звонко Пекевски ве известуваме дека истата ја ОТФРЛАМЕ во целост како неоснована, а ова од причини што во новинарскиот прилог се изнесени факти врз основа на слободно новинарско истражување, а

кои факти се поткрепени со докази и споменатиот во ниту еден дел од прилогот ниту е деградиран ниту пак омаловажен како што е наведено во жалбата.“

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА**. ТВ прилогот на медиумот ТВ Стар, под наслов *„Најбогатиот градоначалник во регионот Пекевски бара повлекување на неговото мислење. Не сака убави зборови за вработените во општината“*, објавен на 10.07.2024 година, отстапува од етичките и професионалните стандарди утврдени во членовите 1, 3 и 13 од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата го разгледа оспорениот прилог и утврди дека, иако постои јавен интерес за оваа тема – работата на избраните лица во локалните заедници на Источниот регион, медиумот не го обработил прилогот согласно етичките стандарди.

Прво, ТВ прилогот е подготвен со намера да се објави одговорот на градоначалникот Пекевски на претходно објавен прилог на телевизијата во кој се изнесени обвинувања во врска со изјави на градоначалникот за вработени во неговиот тим. Меѓутоа, иако во прилогот се објавени делови од демантот и барањето за извинување од градоначалникот Пекевски, медиумот тоа не го сторил на начин на кој согласно етичките стандарди се објавува демант, туку прилогот го искористил за да упати нови напади кон градоначалникот насочени кон сосема друга тема – за личната имотна состојба на градоначалникот. Согласно етичките стандарди, но исто така и согласно Законот за медиуми, во истиот ТВ прилог во кој го објавува одговорот медиумот не може да објавува и коментар на тој одговор. Поради ова, Комисијата заклучи дека е нарушен членот 3 од Кодексот.

Натаму, Комисијата констатираше дека дури и ако ТВ прилогот се анализира како посебна целина (независно од обврската на телевизијата да го објави одговорот), а чија цел е да се обелоденат информации за наводно незаконски стекнат имот на градоначалникот на Берово, ТВ прилогот не е обработен на начин што ги задоволува етичките стандарди. Имено, во него се изнесуваат информации за имотот што го поседува градоначалникот кои се недоволно проверени и не се целосно поткрепени со докази и факти, а исто така, за овие нови наводи, не е обезбедена и изјава од градоначалникот. Со ваквиот пристап, медиумот го прекршил членот 1 на Кодексот.

Трето, ТВ прилогот е изработен на начин што изнесените факти се презентирани манипулативно и постојано се мешаат со коментари од новинарот, како на пример: „наместо јавно да се објаснува и оградува, Пекевски би можел да објасни како стана најбогат градоначалник на регионот“, „тивкиот Ѕвонко поседува .... и уште еден долг список на имот на кој не му се гледа крајот“, „општо познато е дека Пекевски потекнува од скромно и чесно семејство, но толкав имот сите заедно немале никогаш“, и тн. Со ова е нарушен член 13 од Кодексот.

Имајќи ги предвид аргументите изнесени погоре, Комисијата заклучи дека прилогот во целина не наликува на новинарски производ и со него ТВ Стар ги нарушува членовите 1, 3 и 13 од Кодексот на новинарите на Македонија:

Член 1
Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи.
Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

Член 3 гласи:
Новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, демант и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата.

Член 13
Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата **едногласно** одлучи како што е погоре образложено.

Во расправата за оваа точка учествуваа следните членови на Комисијата: Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Димитар Мицев, Снежана Трпевска, Жана Божиновска, Зуриета Јахјага и Тамара Чаусидис.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595